АКТУЕЛНО

# Како што рече Делчев

Јасна
**ФРАНГОВСКА**

Македонските уметници што ќе ни ја претставуваат земјава во, моментно, најатрактивниот лондонски простор, Милениумската купола, денес заминуваат на пат за Островот. На гламурозно замислената манифестација, на која ќе настапат уметници од речиси сите земји на светот, македонските духовни проблесоци ќе ги презентираат КУД „Танец", ДД Синтезис, и изложбите на Жанета Вангели и Симон Шемов. Ако не се лажам, ова е прво овогодишно културно претставување на Македонија пред светот, што идеологот на македонското национално движење, Гоце Делчев, уште на почетокот на веков го нарече „поле за културен натпревар" меѓу народите.

Министерот за култура Љубен Пауновски, во овој период, ќе оствари неколку значајни средби со британскиот секретар за култура и со други угледни претставници на британската култура, како претходница на закажаното потпишување на спогодбите за соработка меѓу Македонија и Британија, што во текот на месецов ќе се потпише во Скопје.

Така, културната соработка на Македонија со светот, како составен дел и логичен след на презентирањето на македонските културни достигнувања, годинава, започнува релативно рано и, веројатно, најавува нов курс на Министерството за култура. Во текот на минатата година, која се поистоветува со времето на министерствувањето на Димитар Димитров со овој сектор, меѓународната презентација на македонската култура не беше често практикувана. Напротив, уметничките кругови со голема резигнација го коментираа отсуството на земјава од неколку значајни и реномирани уметнички манифестации, кои, бездруго, се сметаат за вистинска арена за мерење на моќта и способностите на цивилизираните земји.

Доколку ова гостување и најавите за уште неколку реномирани настапи на македонската култура во светов навистина се остварат, тоа, веројатно, конечно, ќе значи осознавање на потребата секако да се биде присутен на ваквите светски културни мегдани, каде што нема мали и големи, туку само такви што имаат и такви што немаат што да кажат. Онака како што посакуваше Делчев, визионерот.